# 2008

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е организација на граѓанското општество која што верува во мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија и Балканот, интегрирани во евроатланските институции и меѓународната заедница.

МЦМС се стреми да поттикнува и предводи промени за решавање на општествените предизвици, со иновации и воспоставување алтернативни модели, вклучувајќи ги во главните текови. МЦМС ја спроведува програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ) во соработка со Македонската православна црква (МПЦ), со Исламската верска заедница (ИВЗ), со Католичката црква (КЦ), со Еврејската заедница (ЕЗРМ) и со Евангелско-методистичката црква (ЕМЦ), како и со другите верски заедници во Македонија.

Членовите на верските заедници, свештениците се и можат да играат значајна улога во промоцијата на мирот и почитувањето на разликите и овие вредности да им ги пренесуваат на своите верници.

Соработката, дијалогот и разбирањето се неопходни компоненти при градењето на едно здраво демократско општество. Сите сме различни, но мораме да учиме како да се почитуваме. Секој човек заслужува да има еднаква можност, достоинство и почитување без оглед на полот, возраста, етничката, верската или расната припадност или убедување.

Овој календар ги содржи сите позначајни верски празници, постови и комеморативни денови на верските заедници, но и празниците на етничките заедници во РМ, државните празници, како и меѓународните празници кои нè потсетуваат дека секогаш треба да се бориме против дискриминацијата, да одиме чекор понапред, да бидеме различни, а еднакви.

Нека Ви се среќни и честити празниците во 2008-та година.

Меѓуверскиот календар е дел од кампањата Еден до друг - различни, а еднакви која ја спровдува МЦМС во коалиција со граѓански организации.

Програмата е поддржана од данската и норвешката влада, во соработка со Данската црковна помош и со Норвешката црковна помош.



Соработката мора да биде од срце
Соработката треба да почне од тука...од НАС.



01.01.2008 Св. Марија Богородица - спомен-ден во чест на Марија, која преку Светиот Дух постана Богородица - Мајка Божја.

06.01.2008 Богојавление (Водици) - се слават светите Три Цара: Гашпар, Мелхиор и Балтазар кои дојдоа од Исток да Му се поклонат на Исус во Витлеемската пештера.

06.01.2008 Бадник - последен ден од Божикниот пост. Името доаѓа од бадниковото дрво кое на овој ден го има во секој православен дом и го симболизира присуството на Господа Исуса Христа.

07.01.2008 Божик (Рождество Христово) - се празнува раѓањето на нашиот Спасител, Богочовекот Господ Исус Христос. Луѓето се поздравуваат со „Христос се роди" и си отпоздравуваат со „Навистина се роди".

10.01.2008 Хиџретска нова година - го означува емигрирањето на Мухамед а.с. со своите приврзаници од родното место Мека во Медина. Денот на емигрирањето значи и почеток на муслиманската нова година.

14.01.2008 Обрезание Господово - споменот на обрезанието на Господ Исус Христос извршено во Ерусалимскиот храм на осмиот ден од неговото раѓање. Овој ден е посветен и на Свети Василиј Велики, а го означува и почетокот на Новата година според јулијанскиот календар.

19.01.2008 Богојавление (Водици) - во спомен на крштението Господово. На овој ден Господ Исус Христос е крстен од Свети Јован Крстител во реката Јордан, при што се објавува целата Света Троица. На овој ден се фрла крстот во водата, а водата што се осветува е лековита и се чува во текот на целата година.

19.01.2008 Денот на Ашура - се празнува на десеттиот ден од месецот Мухарем, кој е еден од четирите големи месеци, а ноќта на Ашура е најголемата ноќ во овој месец.

22.01.2008 Хамиша асар Бишват - празник на дрвјата.

27.01.2008 Свети Сава - празник на српската етничка заедница.

# ЈАНУАРИ 2008

**Соработката мора да биде од срце Соработката треба да почне од тука...од НАС.**

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| 28 | 29 | 30 | 31 | | | |
| | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

еден до друг
различни, а еднакви



Христијански симбол, крст

Возљубени, да се сакаме еден со друг, оти љубовта е од Бога, и секој, кој сака, е роден од Бога и Го познава Бога; кој не сака, тој не Го познал Бога оти – Бог е љубов. (1. Јов. 4,8)

02.02.2008 Сретение Господово - се слави четириесеттиот ден по раѓањето на Исус Христос, кого Марија и Јосиф го донесоа во храмот да го прикажат на Небесниот Отец.

06.02.2008 Почеток на велигденскиот пост (Пепелница).

15.02.2008 Сретение Господово - празникот ја означува средбата Господова со праведниот старец Симеон и пророчицата Ана, во храмот, во четириесеттиот ден од раѓањето на Господ Исус Христос.

15.02.2008 Сретение Господово - се слави четириесеттиот ден по раѓањето на Исус Христос, кого Марија и Јосиф го донесоа во храмот да го прикажат на Небесниот Отец.



# ФЕВРУАРИ 2008

**Возљубени, да се сакаме еден со друг, оти љубовта е од Бога, и секој, кој сака, е роден од Бога и Го познава Бога; кој не сака, тој не Го познал Бога оти - Бог е љубов. (1. Јов. 4,8)**

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 3 |
| 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | | |
| | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

МЦМС

еден до друг
различни, а еднакви

Христијански симбол, крст



Да го бараме она што служи за мир и заемно подобрување еден на друг. (Рим. 14,19)

07.03.2008 Светски молитвен ден на жените - е интернационално движење на жени христијанки. Целта им била и е преку молитвата и дејствувањето да се ублажи бедата и да се постават знаци на солидарност.

08.03.2008 Меѓународен ден на жената.

11.03.2008 Комеморативен ден на македонските Евреи - на овој ден во 1943 година биле убиени и одведени во логорот на смртта Треблинка 7.230 македонски Евреи.

16.03.2008 Цветници - овој празник го означува свеченото влегување на Исус во Ерусалим.

19/20.03.2008 Денот на Мевлуд - ден на раѓањето на Пратеникот Мухамед а.с. според хиџретскиот календар.

20.03.2008 Постот на Естер - го означува почетокот на празникот Пурим.

21.03.2008 Пурим - спасување од убивањето на Евреите во Персија, кое го планирал Аман.

23.03.2008 Шушан Пурим.

23.03.2008 Воскресение Христово (Велигден) - денот на Христовото воскресение е најголемиот христијански празник. Воскресението Христово е суштината на христијанството и основа на самата вера, како што рекол светиот апостол Павле: „Ако Христос не воскреснеше, празна ќе беше и нашата вера". Од воскресение до вознесение луѓето се поздравуваат со „Христос воскресе" и си отпоздравуваат со „Навистина воскресе".

25.03.2008 Св. Благовештение - како Пресвета Дева Марија го зачна Исуса Христа преку Светиот Дух.

# МАРТ 2008

**Да го бараме она што служи за мир и заемно подобрување еден на друг. (Рим.14,19)**

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 1 | 2 |
| 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| 31 | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

МЦМС

еден до друг
различни, а еднакви



Исламски симбол, месечина и ѕвезда

Не мразете се, не завидувајте едни на други и не свртувајте го грбот еден на друг! Бидете како вистински Алахови суштества во братски односи. (Мухамед а.с.)



07.04.2008 Св. Благовештение - на овој ден Архангелот Гаврил ѝ се јавил на Дева Марија и ѝ соопштил дека таа е избрана да биде мајка на Синот Божји. Во спомен на оваа блага (добра) вест што ѝ ја пренел ангелот на Света Богородица, Црквата го востановила празникот Свето Благовештение или Благовест, а се празнува точно девет месеци пред Божик.

08.04.2008 Ден на Ромите.

20.04.2008 Цветници - се празнува една недела пред Велигден во спомен на свеченото влегување на Господ Исус Христос во Ерусалим.

20-27.04.2008 Песах - ослободување од ропството и излегувањето на Евреите од Египет пред 3320 години.

25.04.2008 Велики Петок (строг пост) - на овој ден Црквата ги спомнува смртта и погребението на Господ Исус Христос и Неговото слегување во адот. Ова е стожерна точка во Страдалната седмица, тогаш Богочовекот Кој невино пострада за спасението на човечкиот род ја стекна благодатта на искупувањето од прародителскиот грев, со што се обезвласти владеењето на смртта и на пеколот над природата на човекот.

27.04.2008 Воскресение Христово (Велигден) - денот на Христовото воскресение е најголемиот христијански празник. Воскресението Христово е суштината на христијанството и основа на самата вера, како што рекол светиот апостол Павле: „Ако Христос не воскреснеше, празна ќе беше и нашата вера". Од воскресение до вознесение луѓето се поздравуваат со „Христос воскресе" и си отпоздравуваат со „Навистина воскресе".

# АПРИЛ 2008

**Не мразете се, не завидувајте едни на други и не свртувајте го грбот еден на друг! Бидете како вистински Алахови суштества во братски односи. (Мухамед а.с.)**

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| 28 | 29 | 30 | | | | |
| | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

еден до друг
различни, а еднакви

Исламска Света книга, Коран



Сите луѓе се потчинети на Алах, а Алах најмногу од сите го сака оној кој е најкорисен за луѓето. (Мухамед а.с.)

02.05.2008 Јом Хашоа ве Гевура - спомен-ден на шесте милиони еврејски жртви на холокаустот и ден на сеќавање на востанието во Варшавското гето во 1943 година (за целиот свет).

07.05.2008 Јом Хазикарон - спомен-ден за жртвите кои го дале својот живот за независност на државата Израел.

08.05.2008 Јом Хатзмоут - ден на независноста на државата Израел.

11.05.2008 Педесетница (Духови) - се слави доаѓањето на Светиот Дух врз апостолите и основањето на Црквата - Христовото царство на земјата.

11.05.2008 Ден на мајката - се нагласува улогата на мајката во духовното воспитување на децата и згрижување на секое напуштено дете, без оглед која е причината.

18.05.2008 Пресвета Троица - се слави во чест на Бог Отец, Бог Син и Бог Дух Свети.

22.05.2008 Телово (Пресвета Евхаристија) - како Господ наш Исус Христос, ни ја дарува Евхаристијата, израз на Неговата неизмерна љубов.

23.05.2008 Ден на Власите.

23.05.2008 Лаг ба омер - празник на младината и ден на радоста (33. ден од броењето на омер).

24.05.2008 Свети Методиј и Кирил Рамноапостолни - словенски учители, по потекло од Солун, кои ја создале словенската азбука и ги превеле црковните книги од грчки на словенски јазик. Нивната голема мисионерска дејност подоцна ја продолжиле и нивните свети ученици, меѓу кои и светите Климент и Наум Охридски кои поучувале во Македонија.

30.05.2008 Пресвето Срце Исусово - празник на Божјата неизмерна љубов кон нас луѓето.

# МАЈ 2008

**Сите луѓе се потчинети на Алах, а Алах најмногу од сите го сака оној кој е најкорисен за луѓето. (Мухамед а.с.)**

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |
| | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

еден до друг
различни, а еднакви

Еврејски симбол, менора



Менора е седмокракиот свеќник (големиот свеќник) кој горел со маслиново масло во пребивалиштето во Храмот во Јерусалим. Таа е еден од најстарите еврејски верски симболи, наедно еден од најпрепознатливите симболи за еврејскиот народ.



02.06.2008 Јом Јерушалаим - ден на Ерусалим.

05.06.2008 Вознесение Христово (Спасовден) - празникот е востановен во спомен на Христовото вознесение. Тој ден се празнува 40-тиот ден по Велигден и тој паѓа секогаш во четврток. Овој празник е наречен и Спасовден зашто го чествува денот на Спасителот на светот - Господ Исус Христос.

09-10.06.2008 Шавуот - празник на примање на светата Тора, петтокнижието Мојсеево на планината Синај и празник на жетвата, 49-тиот ден на омер.

14.06.2008 Задушница - денови посветени за душите на починатите. Тогаш се оди на гробовите на покојните. Таму се палат свеќи и кандило, а свештеникот го извршува краткиот обред (трисагија) и ја полева со црвено вино пченицата и гробот на покојникот.

15.06.2008 Духовден (Св. Троица) - се празнува десет дена по Спасовден. На овој ден Светиот Дух во облик на пламени јазици слегол врз апостолите, по коешто апостолите почнале да зборуваат на разни јазици, а насобраните луѓе, иако дојдени од разни краеви на земјата, го разбирале говореното. Вториот и третиот ден од овој празник се посветени на Света Троица, зашто со благослов на Отецот се исполнило ветувањето на Синот, дадено на апостолите, дека ќе им го испрати Светиот Дух.

16.06.2008 Пресвета Троица - се слави во чест на Бог Отец, Бог Син и Бог Дух Свети.

# ЈУНИ 2008

**Менора е седмокракиот свеќник (големиот свеќник) кој горел со маслиново масло во пребивалиштето во Храмот во Јерусалим. Таа е еден од најстарите еврејски верски симболи, наедно еден од најпрепознатливите симболи за еврејскиот народ.**

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 1 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| 30 | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

МЦМС

еден до друг
различни, а еднакви

Еврејски симбол, Давидова ѕвезда



Раби Елазар рече во името на Раби Ханјина:
- Мудрите научници на Тората го умножуваат мирот во светот, како што е речено: „Синовите твои ученици Господови ќе бидат и обилен мир ќе имаат". (Талмуд Бавли, Берахот, 64 а)

03/04.07.2008 Ноќта на Регаиб - ноќта кога е зачнат Пратеникот Мухамед а.с. во утробата на својата мајка Амина.

04.07.2008 Почеток на месецот Реџхеб - ден кога почнуваат трите месеца во коишто Божјата милост е пообилна кон верниците.

20.07.2008 Шива асар бе тамуз (Пост).

29/30.07.2008 Ноќта на Мираџ - ноќ на воздигнувањето на Пратеникот Мухамед а.с. во небесите.



# ЈУЛИ 2008

**Раби Елазар рече во името на Раби Ханјина: - Мудрите научници на Тората го умножуваат мирот во светот, како што е речено: „Синовите твои ученици Господови ќе бидат и обилен мир ќе имаат". (Талмуд Бавли, Берахот, 64 а)**

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| 28 | 29 | 30 | 31 | | | |
| | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

еден до друг
различни, а еднакви




Сите сме под едно сонце.

06.08.2008 Преображение Господово - во чест и во спомен на Христовото преображение на горшата Тавор.

10.08.2008 Тиша Беав (целодневен пост) - ден на разрушување на Првиот и Вториот храм во Ерусалим.

15.08.2008 Успение на Пресвета Богородица - како Господ наш Исус Христос ја зеде својата Мајка, Дева Марија, на небото со душата и телото.

16/17.08.2008 Ноќта на Берат - ноќ кога Куранот е пренесен од небото на земјата, а потоа оттука од страна на мелекот Џебраил е пренесен за 23 години до Пратеникот Мухамед а.с.

19.08.2008 Преображение Господово - во чест и во спомен на Христовото преображение на горшата Тавор.

28.08.2008 Успение на Пресвета Богородица - во спомен на успението на Пресвета Богородица. Според преданието, на третиот ден по нејзиниот погреб, Господ Исус Христос ја воскреснал, издигнувајќи ја на небото.

28.08.2008 Успение на Пресвета Богородица - како Господ наш Исус Христос ја зеде својата Мајка, Дева Марија, на небото со душата и телото.



Сите сме под едно сонце.

# АВГУСТ 2008

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 3 |
| 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |
| | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни



Кругот не смее да престане...



**Кругот не смее да престане...**

- 01.09.2008 Првиот ден на светиот месец на постот Рамазан.
- 08.09.2008 Раѓање на Пресвета Богородица - во чест на денот на раѓањето на Дева Марија од праведните Јоаким и Ана.
- 14.09.2008 Воздвижение на чесниот крст - во чест на пронаоѓањето на крстот на којшто бил распнат Господ Исус Христос, кој го пронашле царицата Елена и нејзиниот син цар Константин во 4 век.
- 17.09.2008 Денот на Бедр - ден кога се случила првата битка меѓу муслиманите и многубошците во која победуваат муслиманите.
- 21.09.2008 Раѓање на Пресвета Богородица - во чест на денот на раѓањето на Дева Марија од праведните Јоаким и Ана. Христијанската Црква го востановила овој празник, познат и како Мала Богородица.
- 26/27.09.2008 Лејлетул Кадр - ноќта меѓу 26 и 27 Рамазан на оваа ноќ почна објавата на Возвишениот Куран. За вредноста на оваа ноќ зборува самиот Куран. Куранот оваа ноќ ја опишува како повредна од 1000 месеци.
- 27.09.2008 Воздвижение на чесниот крст - во чест на пронаоѓањето на крстот на којшто бил распнат Господ Исус Христос, од страна на царицата Елена и нејзиниот син цар Константин во 4 век (строг пост).
- 28.09.2008 Ден на Бошњаците.
- 30.09.2008 Рамазански Бајрам - по завршувањето на месец Рамазан, муслиманите го прославуват Рамазан или Фитр Бајрам. Прославувањето датира од емигрирањето на Мухамед а.с. од Мека во Медина. За бајрамските денови муслиманите ги посетуваат своите најблиски.
- 30.09.2008 Рош Хашана 5769 - Еврејска Нова година - 1 ден.

# СЕПТЕМВРИ 2008

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | | | | | |
| | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

еден до друг
различни, а еднакви



Мирот зависи од мене...



- 01.10.2008 Рош Хашана 5769 - Еврејска Нова година - 2 ден.
- 02.10.2008 Цом Гедаља (пост).
- 03.10.2008 Светски ден на детето.
- 09.10.2008 Јом Кипур (пост) - ден на помирување и простување.
- 14.10.2008 Покров на Пресвета Богородица - празникот е востановен во спомен на постојаното покровителство на Пресвета Богородица и помошта што им ја дава таа на сите оние што искрено и се молат.
- 14.10.-21.10.2008 Сукот (спомен празник) - трае 8 дена и е во знак на 40-годишното талкање на Евреите по пустината и празник на бербата на овошје.
- 17.10.2008 Светски ден за борба против сиромаштијата.
- 22.10.2008 Симхат Тора (празник на Тората) - се празнува по повод завршувањето на читањето на Годишниот циклус на ТОРА - Петте Книги на Мојсеј и започнување на нов циклус на читање на ТОРА од Првата Мојсеева книга.
- 26.10.2008 Христос Цар - славејќи го овој празник, Црквата нè потсетува дека еден ден ќе дојде и крајот на нашиот земски живот.

# ОКТОМВРИ 2008

**Мирот зависи од мене...**

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |
| | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

еден до друг
различни, а еднакви



... од тебе...

01.11.2008 Сите Светии - според католичкото учење, сите кои се во небото се свети и нив ги има многу повеќе отколку што ги има во календарот и затоа Црквата го воведе овој празник во чест на сите нив.

22.11.2008 Ден на албанската азбука.

23.11.2008 Христос Цар - славејќи го овој празник, Црквата нè потсетува дека еден ден ќе дојде и крајот на нашиот земски живот.

30.11.2008 Прва Адвентна недела - време коешто треба да го искористи секој човек за да се подготви духовно за доаѓањето на нашиот Спасител Исус Христос на земјата, односно неговото раѓање. Адвентот трае четири недели.



# НОЕМВРИ 2008

**... од тебе...**

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 1 | 2 |
| 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

МЦМС

еден до друг
различни, а еднакви



... и од сите нас.



**... и од сите нас.**

03.12.2008 Меѓународен ден на хендикепираните.

04.12.2008 Воведение на Пресвета Богородица (Пречиста) - Пресвета Дева Марија била ветена од нејзините родители да му служи на Бога, па затоа, кога таа наполнила три години, нејзините родители Јоаким и Ана ја одвеле во Ерусалимскиот храм. Во спомен на овој настан, воведувањето на тригодишната Марија во храмот, Светата Црква го востановила празникот Воведение, познат и како Света Пречиста.

07.12.2008 Денот на Арифе - подготвување за големиот празник Курбан Бајрам и ден кога аџиите излегуваат во долината Арафат како една од основните должности на аџилакот во исламската вера.

08.12.2008 Свети Климент Охридски - ученик на светите Методиј и Кирил. Основач е на Првиот словенски универзитет во Охрид. Живеел во X век, а неговите свети и чудотворни мошти денес почиваат во црквата „Свети Климент и свети Пантелејмон" во Охрид.

08.12.2008 Курбан Бајрам - еден од двата најголеми исламски празници. На овој ден муслиманите кои имаат материјална можност жртвуваат животно како курбан во името на Алах џ.ш.

10.12.2008 Меѓународен ден на човековите права.

21.12.2008 Ден на првиот час на Турците.

21-29.12.2008 Ханука - празник којшто трае и се празнува 8 дена во спомен на ослободителната борба на Евреите и посветувањето на Храмот пред 2172 години или уште наречен како празник на светлината.

25.12.2008 Божиќ (Рождество Христово) - како Дева Марија го роди Исуса Христа во Витлеемската пештера.

29.12.2008 Хиџретска нова година - го означува емигрирањето на Мухамед а.с. со своите приврзаници од родното место Мека во Медина. За муслиманите денот на емигрирањето на Мухамед а.с. значи и почеток на муслиманската нова година. Овој настан се случил 623 год. по раѓањето на Иса а.с.

# ДЕКЕМВРИ 2008

| пон | вто | сре | чет | пет | саб | нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | 31 | | | | |
| | | | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски Државни Етнички заедници Меѓународни

еден до друг
различни, а еднакви




**Издавач:** МЦМС
**Главен и одговорен уредник:** Александар Кржаловски
**Издавачки совет:** Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ), Ќуфли Османи (ИВЗ), Марјан Ристов (КЦ), Жаклина Мучева (ЕЗРМ), Милица Попризова (ЕМЦ), Дервиша Хаџиќ - Рахиќ (МЦМС).
**Идејно решение:** Дервиша Хаџиќ-Рахиќ
**Фотографија:** Владимир Секуловски
**Дизајн:** Кома
**Печатница:** Боро Графика
**Издадено во:** 3000 примероци